**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА КОМЕРЦИЈАЛНО ОГЛАСУВАЊЕ НА ОФИЦИЈАЛНАТА ИНТЕРНЕТ СТРАНИЦА НА МАКЕДОНСКА БЕРЗА АД СКОПЈЕ**

## 1. Простор за комерцијално огласување

1.1 Македонска берза АД Скопје нуди дел од просторот на својата интернет страница со адреса www.mse.com.mk, www.mse.org.mk и www.mse.mk за комерцијално огласување преку објавување на комерцијални огласи на однапред дефинирани позиции на интернет страницата (во понатамошниот дел: простор за комерцијално огласување).

1.2 Берзата нуди комерцијално огласување на својата официјална интернет страница исклучиво во рамките на просторот за комерцијално огласување, и тоа посебно се означува со терминот “комерцијален оглас”.

1.3 Берзата нуди 9 позиции за комерцијално огласување на сите заинтересирани корисници, при што позиција 1 се појавува на сите страници, додека останатите позиции се појавуваат само на почетната страна на интернет страницата на Берзата. Позициите за огласување можат да се користат поединечно или со нивно комбинирање, во зависност од потребите на корисникот, согласно т.2.2 од овие Општи услови.

1.4 Просторот за комерцијално огласување претставува посебен дел од официјалната интернет страница на Берзата и истиот е целосно издвоен и не претставува составен дел на информатичкиот систем на Берзата на официјалната интернет страницата на Берзата.

## 2. <u>Комерцијални услови за рекламирање</u>

2.1 Берзата нуди комерцијално огласување на својата официјална интернет страница под соодветни комерцијални услови, во согласност со цените за откуп на простор за комерцијално огласување и останатите правила утврдени во овие Општи услови, со што се обезбедува еднаков и недискриминирачки третман на сите корисници на комерцијално огласување на официјалната интернет страница на Берзата.

2.2 Позициите за комерцијално огласување и цените за откуп на простор за комерцијално огласување на официјалната интернет страница на Берзата се следниве:




***Позицијата 1 се појавува на сите страници, додека останатите позициите се појавуваат само на почетната страна.***

***Позициите 6,7,8 можат да се користат поединечно или со нивно комбинирање, во зависност од потребите на корисникот.***

***Ценовникот за рекламирање е во прилог на Општите услови. Цените се без вклучен ДДВ и истите ќе бидат изразени во денарска противвредност по среден курс на НБРМ на денот на уплатата***

## 3. Критериуми за рекламирање

3.1 На официјалната интернет страница на Берзата не можат да се рекламираат правни лица чијашто дејност, активности и/или услуги не соодветствуваат со дејноста, добриот углед и корпоративниот имиџ на Берзата и/или би можеле штетно да влијаат на интегритетот на пазарот на хартии од вредност во целина.

3.2 На официјалната интернет страница на Берзата не можат да се објавуваат комерцијални огласи чијашто содржина и/или графички приказ не соодветствуваат со дејноста, добриот углед и корпоративниот имиџ на Берзата и/или би можеле штетно да влијаат на интегритетот на пазарот на хартии од вредност во целина.

3.3 На официјалната интернет страница на Берзата не можат да се објавуваат комерцијални огласи коишто содржат какви било невистинити, неточни или нецелосни факти коишто би можеле да создадат погрешна претстава кај инвеститорите на пазарот на хартии од вредност за било кои состојби поврзани со пазарот на хартии од вредност, коишто би можеле да ги наведуваат инвеститорите на погрешни заклучоци и судови за било кои состојби поврзани со пазарот на хартии од вредност и/или на било кој друг начин би можеле да го нарушат интегритетот на пазарот на хартии од вредност.

3.4 Берзата го задржува правото самостојно да процени дали е исполнет некој од условите наведени во точка 3.1, 3.2 и/или 3.3 од овие Општи услови.

3.5 Доколку Берзата процени дека е исполнет некој од условите наведени во точка 3.1, 3.2 и/или 3.3, Берзата го задржува правото да:

- одбие да склучи договор за закуп на простор за комерцијално огласување на својата официјална интернет страница;
- отстрани веќе поставен комерцијален оглас во просторот за комерцијално огласување на својата официјална интернет страница;

**ЦЕНОВНИК ЗА РЕКЛАМИРАЊЕ НА WWW.MSE.MK**

| Банер позиции на mse.mk | Димензии | Цена во евра без ДДВ | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **7 дена** | **30 дена** | **365 дена** |
| **Позиција 1 ТОП Банер**<br>(се појавува на сите страни) | 468x60 | 380 | 1.520 | 18.240 |
| **Позиција 2 ТОП банер**<br>(се појавува само на прва страна) | 728x90 | 100 | 400 | 4.800 |
| **Позиција 3**<br>(се појавува само на прва страна) | 728x90 | 85 | 340 | 4.080 |
| **Позиција 4**<br>(се појавува само на прва страна) | 728x90 | 85 | 340 | 4.080 |
| **Позиција 5**<br>(се појавува само на прва страна) | 728x90 | 70 | 280 | 3.360 |
| **Позиција 6,7 и 8** (поединечно)<br>(се појавува само на прва страна) | 250x90 | 50 | 200 | 2.400 |
| **Позиција 6,7 и 8** (комбинирано сите)<br>(се појавува само на прва страна) | 728x90 | 70 | 280 | 3.360 |
| **Позиција 9**<br>(се појавува само на прва страна) | 360x300 | 150 | 600 | 7.200 |

Со склучување на Договор за комерцијално огласување од минимум 6 месеци, Берзата нуди можност за дополнителен (гратис) комерцијален оглас во месечните билтени на Берзата ( 1 страна).